**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА**

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02-826/19
30.10.2018 година
Битола

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 8, а во врска со членовите 173, 175 став 1 и 217 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82 од 08.05.2018 година), Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 30.10.2018 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Универзитетскиот билтен бр. 445 од 01.10.2018 година, за избор на еден наставник од научните области: 50321-Банкарство, 50302- Применета економија и 50329- Друго, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола и доц. д-р Марина Блажековиќ Тошевски се избира во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 50321-Банкарство, 50302-Применета економија и 50329- Друго **за време од 5 години**.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по завршувањето на претходниот избор, односно од **18.03.2019 година**.

*О б р а з л о ж е н и е*:

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 31.08.2018 година година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, од научните области: 50321-Банкарство, 50302- Применета економија и 50329- Друго, се пријави еден кандидат, д-р Марина Блажековиќ Тошевски.

По завршувањето на конкурсот формирана е Рецензиона комисија, со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-626/3 од 18.09.2018 година, која во законски предвидениот рок согласно член 173 став 8 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82 од 08.05.2018 година) поднесе Реферат за избор кој е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 445 од 01.10.2018 година и на веб страницата на универзитетот. Во Рефератот се предлага, кандидатот д-р Марина Блажековиќ Тошевски да се избере во наставно-научно звање **вонреден професор** од научните области: 50321-Банкарство, 50302- Применета економија и 50329- Друго.

На објавениот Реферат не беше поднесен приговор до Наставно-научниот совет. Согласно членовите 110 став 1 точка 8 и 173 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82 од 08.05.2018 година), Наставно-научниот совет на Факултетот одржа седница на која го разгледа предлогот од Рефератот на Рецензионата комисија, и истиот **едногласно се усвои**.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И
КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Земајќи го во предвид горенаведеното Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Наставно-научен совет**
**Декан**

**Ред. проф. д-р Игор Неделковски**

Подготвил/Проверил: м-р Илче Димовски

ДН:- д-р Марина Блажековиќ Тошевски
- архива
- работно досие
- сметководство